ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 12-78/7**

**Дата: 02.03.2010**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА КИЧЕВО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Сметката за Наменски дотации (930) на Општина Кичево за 2008 година, кои се прикажани на страните 3 и 4.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на сметката за Наменски дотации (930) на Општина Кичево, за годината која претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Владимир Толески, градоначалник на општина Кичево во 2008 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 и 2 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена на 03.12.2009, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива.

- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на

годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10**.** Со ревизијата на финансиските извештаи за 2008 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојбата**

10.1.1. На сметката за Наменски дотации (930) на Општина Кичево на 31.12.2008 година има салдо од 325 илјади денари непотрошени средства наменети за основните училишта и градинките. Причина за тоа е што одговорните лица во училиштето и градинките не доставувале барања за плаќања до Трезорот, иако имаат не платени обврски, па средствата останале нереализирани. За распределба на средствата по корисници советот на општината нема донесено критериуми. Начинот на распределба на средствата без критериуми како и не соодветната соработка помеѓу надлежните од општината и одделни корисници придонесува на сметката за наменски дотации на 31 декември да има непотрошени средства.

**Препорака:**
Советот на општината да донесе акт со утврдени критериуми за распределба на средствата од сметката за наменски дотации по корисници, а средствата да се трошат за намените за кои се дотирани од Буџетот на Република Македонија во текот на буџетската година, согласно финансиските планови на корисниците на тие средства.

11. Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Сметката за наменски дотации (930) на Општина Кичево на ден 31 декември 2008 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Мислење за наменско и законско користење на средствата за наменски дотации по корисници ќе се изрази во извештаите на државните ревизори за финансиските извештаи на соодветните корисници на средствата за наменски дотации.

Скопје, 24.02. 2010 година — Овластен државен ревизор

**СМЕТКА ЗА НАМЕНСКИ ДОТАЦИИ НА ОПШТИНА КИЧЕВО**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008 година**

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2008** | **2007** |
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 35.000 | 28.430 |
| **Вкупно приходи** | | **35.000** | **28.430** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 7.154 | 6.670 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 27.521 | 20.101 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **34.675** | **26.771** |
| **Вкупно расходи** | | **34.675** | **26.771** |
| **Остварен вишок на приходи - за пренос во наредна година** | | **325** | **1.659** |

**СМЕТКА ЗА НАМЕНСКИ ДОТАЦИИ НА ОПШТИНА КИЧЕВО**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ 2008 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 325 | 1.659 |
| **Вкупно тековни средства** | | **325** | **1.659** |
| **Вкупна актива** | | **325** | **1.659** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 325 | 1.659 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **325** | **1.659** |
| **Вкупна пасива** | | **325** | **1.659** |